**20101162248**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 август 2010 година.

Бр. 07- 3519/1
24 август 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Член 1

Во Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ број 103/2008 и 33/10), по членот 15 се додава нов член 15-а, кој гласи:

„Член 15-а

За дејноста на основното образование Министерството води интегрирана база на податоци која содржи податоци за:

- досиеја на учениците,
- оценки на учениците,
- отсуства на учениците од наставата,
- податоци за наставниците, стручните соработници, воспитувачите и другите вработени во основните училишта,
- отсуства од работа на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и другите вработени во основните училишта,
- наставни планови,
- годишни програми за работа,
- учебници кои се користат во наставата,
- училишни објекти и други објекти кои се користат за реализација на наставата и
- финансиски податоци за училиштата.

Податоците од ставот (1) на овој член основното училиште ги внесува во интегрираната база на податоци континуирано.“



www.pravdiko.com

Член 2

Во членот 25 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Со наставните програми се определува задолжителното користење на информатичко-комуникациските технологии во училиштето за реализација на воспитнообразовната работа.“

Член 3

Во членот 86 по ставот (1) се додаваат два нови ставови (2) и (3), кои гласат:

„(2) Наставникот во основното училиште наставата ја реализира интерактивно што подразбира активно вклучување на учениците во процесот на воспитно-образовната работа.

(3) Начинот за реализација на интерактивната настава го пропишува министерот на предлог на Бирото.“

Ставот (2) станува став (4).

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

“(5) Се забранува телесно и психичко малтретирање на наставник, стручен соработник и воспитувач.“

Член 4

Во членот 99 став (1) зборовите: „дневник на паралелката“ се бришат.

Член 5

Во членот 100 став (1) бројот “100“ се заменува со бројот “99“. По

ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Дневникот на паралелката се води на јазикот и писмото на кој се изведува наставата.“

Член 6

По членот 168 се додава нов член 168-а кој гласи:

„Член 168-а

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор државниот просветен инспектор или овластениот инспектор на општината утврди дека е сторена неправилност од членот 172 на овој закон, е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во определен рок и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или основното училиште каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Државниот просветен инспекторат, односно овластениот инспектор на општината, којшто го извршил инспекцискиот надзор, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за едно или повеќе лица, односно за едно или повеќе основни училишта.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или основното училиште над кое се спроведува едукација не се јави на едукацијата ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или основното училиште над кое се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку државниот просветен инспектор или овластениот инспектор на општината при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекцискиот надзор.

(8) Доколку државниот просветен инспектор или овластениот инспектор на општината при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

(9) Државниот просветен инспекторат, односно овластениот инспектор на општината, којшто го извршил инспекцискиот надзор, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот."

Член 7

Членот 172 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на основното училиште, ако:

- името на основното училиште е напишано спротивно на членот 14 од овој закон,
- внесува погрешни податоци во интегрираната база на податоци (член 15-а),
- задолжителните и изборните предмети за учениците со посебни образовни потреби се реализираат спротивно на членот 30 став (2) од овој закон,
- не го организира прифаќањето и заштитата, како и продолжен престој на учениците (член 33 ставови (1) и (2)),
- не ги запознае учениците и родителите преку брошура со одделни делови од програмата за работа, правата и должностите на учениците и организацијата на работата во училиштето (член 36),
- издаде јавни исправи спротивно на членот 101 став (2) од овој закон и
- не склучи соодветно осигурување за одговорност од предизвикана штета (член167).

(2) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на директорот на основното училиште за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на наставникот за прекршокот од ставот (1) алинеи 3, 4 и 5 на овој член.

(4) Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на родителот, односно старателот ако ученикот не е запишен во рокот утврден во членот 47 став (1) од овој закон.

(5) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на родителот, односно старателот ако не му овозможи на своето дете да ја исполни обврската за задолжително основно образование и воспитание (член 5)."

Член 8

По членот 172 се додаваат два нови членови 172-а и 172-б, кои гласат:

„Член 172-а

(1) Глоба во износ од 2.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на основното училиште, ако:

- во основното училиште се врши дискриминација (член 2 став (2)),
- воспитно-образовната работа не се изведува согласно со членот 9 од овој закон,
- не внесува податоци во интегрираната база на податоци (член 15-а),
- се организира подрачно училиште без одлука на основачот и претходно позитивно мислење од министерот (член 20 став (2)),
- не користи информатичко-комуникациски технологии во наставата (член 25 став (6));

- годишната програма за работа не ја достави до основачот, Бирото и Државниот просветен инспекторат во определениот рок (член 35 ставови (4) и (7)),

- не го оствари вкупниот број наставни денови (член 38 став (2)),

- се организира комбинирана паралелка без добиена согласност од основачот (член 41 став (7)),

- организира паралелка со помалку од 24 ученици без добиена согласност од основачот (член 45 став (5)),

- основното училиште навреме не организира и не изврши запишување на ученици (член 46 став (1)),

- не ги опфати учениците од својот реон (член 46 став (2)),

- запише ученици од друг реон или друга општина без да има слободни места (член 46 став (3)),

- не го извести овластениот просветен инспектор на општината за децата кои не се запишани, односно кои неоправдано не го посетуваат училиштето повеќе од 30 дена (член 52),

- професионалното усовршување се остварува преку неакредитирани програми (член 91 став (3)),

- не се води или се води и издава педагошката документација спротивно на членовите 99 и 100 од овој закон и

- постапи спротивно на членот 126 став (1) алинеи 2 и 3 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на директорот на основното училиште за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на наставникот за прекршокот од ставот (1) алинеи 1, 2, 5 и 15 на овој член, како и за прекршок, ако:

- не го оствари годишниот и неделниот број на часови за наставата согласно со наставниот план и програма (член 25),

- како одделенски наставник, односно раководител на паралелка не го извести родителот за успехот на ученикот најмалку двапати за секое полугодие (член 67),

- како одделенски наставник, односно раководител на паралелка годишните оценки не им ги соопшти на родителите на родителска средба која се одржува три дена по денот на одржувањето на наставничкиот совет на кој се утврдуваат годишните оценки на учениците (член 72 став (1)),

- како ментор не изработи програма и извештај од членот 85 став (8) на овој закон,

- не ја реализира наставата интерактивно (член 86 став (2)),

- не ја планира наставата во писмена или електорнска форма (член 86 став (4) алинеја 1) и

- врши продажба на учебници, списанија и друга литература во основните училишта (член 123 став (2)).

Член 172-б

(1) Глоба во износ од 3.500 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на основното училиште, ако:

- се организира политичко и верско организирање и дејствување и се истакнуваат партиски и верски обележја (член 11),

- започне со работа пред утврдување на исполнувањето на условите за почеток со работа и пред донесување на решение за верификација (член 19 став (2)),

- ја прекине воспитно-образовната работа спротивно на членот 38 став (6) од овој закон,

- се врши телесно и психичко малтретирање на ученикот (член 53),

- изврши избор на наставници и стручни соработници спротивно на одредбите од членовите 80, 82 и 84 на овој закон,

- постапи спротивно на членот 85 ставови (6),(7),(8) и (9) од овој закон,
- се врши телесно или психичко малтретирање на наставник, стручен соработник или воспитувач (член 86 став (5)),
- на наставникот не му издаде ново решение за работно време (член 95 став (2)),
- по извршена вонредна интегрална евалуација не ги отстрани причините за нарушувањето на воспитно-образовниот процес (член 127 став (1)),
- не донесе програма за развој на училиштето согласно со членот 146 од овој закон,
- не спроведе самоевалуација на училиштето (член 147) и
- не овозможи вршење на надзор над законитоста и инспекциски надзор (член 168).

(2) Глоба во износ од 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на директорот на основното училиште за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на наставникот на основното училиште за прекршокот од ставот (1) алинеи 1, 3, 4 и 12 на овој член.

(4) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на родителот, односно старателот ако родителот, односно старателот или неговото дете врши телесно или психичко малтретирање на наставник, стручен соработник или воспитувач (член 86 став (5)).

(5) На основното училиште и на директорот на основното училиште за дејствијата од ставот (1) алинеја 2 на овој член, покрај предвидената глоба задолжително ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на дејност во времетраење кое не може да биде пократко од една нити подолго од пет години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката.“

Член 9

Подзаконскиот акт предвиден во членот 86 од овој закон министерот ќе го донесе во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Подзаконските акти предвидени во членот 168-а од овој закон министерот ќе ги донесе во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 10

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за основното образование.

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.



www.pravdiko.com